# ЗАПИСНИК

## од

## ДЕВЕТТА СЕДНИЦА НА СОВЕТОТ ЗА РЕФОРМА НА ЈАВНА АДМИНИСТРАЦИЈА

## одржана на 13.07.2021, во 18:00h

## виртуелно, преку ZOOM платформата

| | |
|---|---|
| ПРИСУТНИ | Зоран Заев (ПВРСМ), Јетон Шаќири (МИОА), Благој Бочварски (МТВ), Бојан Маричиќ (МП), Фатмир Бесими (МФ), Бујар Османи (МНР), Артан Груби (МПСОЗ) , Крешник Бектеши (МЕ), Горан Милевски (МЛС), Јагода Шахпаска (МТСП), Кристина Димовска (СЕП), Лаура Идризи (МИОА), Лила П. Миладиновска (СЗ), Насер Нуредини (МЖСПП), Оливер Спасовски (МВР), Петре Шилегов (ЗЕЛС), Спасе Глигоров (АА), Мила Царовска (МОН), Венко Филипче (МЗ), Ирена Стефоска (МК), Калинка Габер (СЕП), Мирјана Јанева (Канцеларија на ПВРСМ), Билјана Николовска Жагар (Канцеларија на ПВРСМ), Есма Адиловиќ Фазлиќ (МИОА), Ангела Саплиева (МИОА) Aleksandrs Antonovs (CPM Consulting International), Слаѓана Тасева (CPM Consulting International), Dace Gruberte (CPM Consulting International) и Ружица Андроникова (Делегација на ЕУ) |
| ПРЕТСЕДАВАЧ | Зоран Заев, претседател на Влада на Република Северна Македонија |
| ЗАПИСНИЧАР | Ангела Саплиева, МИОА |

**ПРЕДЛОГ - ДНЕВЕН РЕД**

1. **Усвојување на предлог дневен ред**

2. **Усвојување на Записникот од осмата онлајн седница на Советот за реформа на јавната администрација, одржана онлајн на ден 16.12.2020 година во 10:00 часот;**

3. **Презентација на предлозите, наодите и препораките од Проектот „Поддршка на државната реорганизација;**

4. **Разгледување на Третиот полугодишен извештај за периодот јануари – јуни 2020 година од Акцискиот план на Стратегијата за реформа на јавната администрација 2018 – 2022 година;**

5. **Разгледување на Третиот годишен извештај за имплементација на Акцискиот план на Стратегијата за реформа на јавната администрација (2018 – 2022) за 2020 година;**

6. **Разно (прашања/предлози)**

Деветтата седница на Советот за реформа на јавната администрација ја отвори претседавачот на Советот, претседателот на Владата на Република Северна Македонија (ПВРСМ) Зоран Заев. На самиот почеток на деветтата седница, ПВРСМ Зоран Заев ги поздрави присутните и ги повика членовите на Советот за РЈА доколку имаат да ги изнесат своите забелешки по првата точка, односно по предлог дневниот ред. Бидејќи присутните немаа забелешки, дневниот ред едногласно беше усвоен.

По втората точка, ПВРСМ Зоран Заев ги повика присутните да ги дадат своите забелешки кон записникот од осмата седница на Советот за РЈА одржана на 16 декември 2020 година и 24 декември 2020 година. Присутните немаа забелешки, по што записникот беше едногласно усвоен.

По третата точка, Презентацијата на предлозите, наодите и препораките од Проектот „Поддршка на државната реорганизација“, ПВРСМ Зоран Заев истакна дека реорганизацијата на органите на државната управа, агенциите и инспекциските служби е еден од клучните реформски приоритети за подобрување на ефикасноста на јавната

администрација. Наведе дека на 5 јули 2021 била одржана четиричасовна тематска седница на Владата на која детално бил дискутиран првиот предлог на Интегрираниот извештај за идната организациска поставеност на органите на државната управа, агенциите и инспекциските служби на централно ниво, па врз основа на активната партиципација на присутните и предлозите споделени со министерот за информатичко општество и администрација, од страна на проектниот тим била подготвена Презентација на предлозите, наодите и препораките од Проектот „Поддршка на државната реорганизација. Истовремено, ПВРСМ Зоран Заев наведе дека на тематската седница биле дадени насоки, но останале отворени неколку прашања, како тоа дали политиките за урбанизам и градежништво ќе останат во Министерство за транспорт и врски или ќе потпаднат под Министерство за животна средина и просторно планирање, дали Дигиталната агенција ќе остане под МИОА или ќе потпадне под Претседателот на Владата.

По воведниот збор по третата точка од дневниот ред, ПВРСМ Зоран Заев му даде збор на Александар Антоновс, клучен експерт на Проектот да ја претстави и образложи својата презентација. Беа образложени надлежностите за областите на политики и структури на министерските системи (ресори). Експертот истакна и дека е предложено пилотирање на реорганизацијата на два министерски системи: МИОА + 1 министерски систем, при што посочи дека Министерството за економија и Министерството за земјоделството, шумарство и водостопанство изразиле интерес. И во оваа прилика ги повтори резултатите од Проектот: направена поделба на функциите - креирање политики, нивно спроведување и инспекции; воспоставени области на политики/ресори и субординација, преку отчетност пред министрите; споени институции со функции што се преклопуваат и со комплементарни функции; утврдени органи што не функционираат и рационализирана јавна администрација.

По презентацијата, ПВРСМ Зоран Заев отвори дискусија.

**Министерот за транспорт и врски Благој Бочварски** наведе дека архитектурата, урбанизмот, градежништвото и изградбата на инфраструктурата и патиштата (како најголем дел од целата изградба во државата која е со национални средства) е ланец и непрекинат процес кој треба да се координира од една точка имајќи предвид дека на тој начин проектите ќе се реализираат на што е можно побрз начин, како и дека нема потреба да се вплеткуваат повеќе институции во еден таков гломазен процес. Истакна дека урбанизмот и градежништвото се сржта на Министерството за транспорт и врски, иако не се наведени во неговиот назив и дека истите претставуваат најголем дел од

работата и портфолиото на министерството. Додаде дека не е проблем да се преименува називот на министерството. Истана дека и во образовниот систем во државата, архитектурата, градежништвото и урбанизмот се структурирани онаму каде што е градењето, а не се во склоп на животната средина. Заклучи дека подобро решение е урбанизмот и градежништвото да останат под Министерството за транспорт и врски, енергетиката преку изградбата на магистралните гасоводи би преминала во Министерството за економија, водоводите и канализациите би преминале во Министерството за животна средина, а секторот врски во МИОА. Поради тоа, наведе дека е природно називот на министерството да биде Министерство за транспорт и градежништво, урбанизам и инфраструктура.

**Министерот за животна средина и просторно планирање Насер Нуредини** наведе дека урбанизмот, инфраструктурата и просторното планирање треба да бидат под една институција без разлика дали се под Министерството за животна средина и просторно планирање или Министерството за транспорт и врски. Исто така, истакна дека е потребно е да има една агенција на ниво на државата која ќе ја регулира проблематиката за водите.

**ПВРСМ Зоран Заев** наведе дека предлогот е водите и комуналните политики (да се обединат сите политики за управување отпад и депонии, прочистителните станици, концесии и заштита на животната средина) да потпаднат под Министерство за животна средина и просторно планирање, а просторното урбанистичко планирање, градењето и земјишната политика, заедно со патничкиот, железничкиот и авионскиот транспорт да потпадне под Министерството за транспорт и врски, чиј назив би бил Министерство за транспорт, градежништво и урбанизам.

**Министерот за надворешни работи Бујар Османи** наведе дека поради тоа што Министерството за надворешни работи ја има дипломатската мрежа, односно дипломатско конзуларните претставништва низ светот, истото треба да се искористи и за промоција на странските инвестиции. Наведе дека тренд во светот е Агенцијата за странски инвестиции да е дел од Министерството за надворешни работи, како би можела дипломатската мрежа да се вклучи во функција и на привлекување на странски инвестиции. Истакна дека треба да се размислува во правец на тоа Агенцијата за странски инвестиции да биде дел од МНР.

**Министерката за култура Ирена Стефоска** наведе дека Министерството за култура било доста активно вклучено во овој процес и дека ја поздравува идејата за

пилот проект на државната реорганизација, дотолку повеќе што во Министерството за култура во тек е процес на спроведување на внатрешна функционална анализа на министерството, на Агенцијата за филм и на Управата за заштита на културното наследство, во рамки на проект на ЕУ со учество на афирмирани странски експерти и со целосна соработка на раководниот кадар и административниот апарат во министерството, како и со широк круг чинители од културниот живот во земјата. Истакна дека конечниот извештај од тој процес ќе биде изготвен во почетокот на 2022 година, што ќе резултира со лоцирање на  проблемите и слабите страни во работењето од една страна, а од друга страна ќе помогне при утврдување на приоритетите, што ќе придонесе до високо професионализирана и ефикасна куќа која ќе им служи на уметниците.

**Првиот заменик на Претседателот и министер за политички систем и односи меѓу заедниците Артан Груби** наведе дека потребно е да се погледне големата слика за државната реорганизација, а не моменталната позиција. Истакна дека се согласи со претседателот на Владата околу предлозите за политиките за урбанизам и градежништво.  Наведе и дека било разговарано за промена на името на Министерството за политички систем и односи помеѓу заедниците во Министерство за односи помеѓу заедниците за да се избегне било каква забуна, поради тоа што Владата и Собранието се оние кои што се грижат за политичкиот систем. Понатаму, наведе дека кога веќе министерството е надлежно за односи помеѓу сите заедници, би било соодветно Агенцијата за млади и спорт да биде под Министерството за односи помеѓу заедниците.

**ПВРСМ Зоран Заев** наведе дека се согласува со тоа Агенцијата  за млади и спорт да биде под Министерството за односи помеѓу заедниците, наместо под Министерството за образование и наука пред кое претстојат сериозни реформи.

**Министерот за финансии Фатмир Бесими** наведе дека е разговарано Управата за имотно правни работи да остане во состав на Министерството за финансии, Агенција за супервизија на осигурување и Агенција за супервизија на пензиското осигурување да се спојат и да бидат независни, но под Директоратот за финансиски пазари, Фондот за осигурување на депозити да остане исто така независен од нив, но под Директоратот за финансиски пазари.

**Министерот за информатичко општество и администрација Јетон Шаќири** наведе дека за МИОА е важно да се формира дигиталната агенција што поскоро и дека

не е е важно каде ќе биде поставена. Истакна дека во надлежностите на агенцијата освен дигитализацијата, влегува и сајбер безбедноста. Наведе дека е потребно што побрзо формирање на орган кој ќе го следи целосно процесот на дигитализација. Истакна дека и после Советот за РЈА експертите и МИОА ќе продолжат да комуницираат со министерствата во однос на насоките и сугестиите.

**Државниот секретар на Секретаријат за европски прашања Калинка Габер** наведе дека во презентацијата било истакнато ИПА и ЕУ секторите да се префрлат целосно во Директоратот за административна поддршка. Истакна дека поради тоа што тие сектори се врзани со креирање на политики и програмирање на средства по области, истите не може да бидат третирани како тела кои се бават со поддршка, туку претставуваат интегрален дел од работата на сите ресори и поради тоа треба да бидат инкорпорирани во директоратите, односно хоризонтално поставени по сите ресори.

**Министерот за економија Крешник Бектеши** наведе дека не се согласува со предлогот на министерот за надворешни работи во однос на предлогот Агенцијата за странски инвестиции да биде под МНР, поради тоа што треба да се има една точка на контакт за странски инвестиции, но имајќи предвид дека Владата поддржува и домашни инвестиции, предложи Агенција за странски инвестиции, Агенција за претприемништво, Агенција за туризам да се спојат во една агенција под Министерството за економија.

**Директорот на Агенција за администрација Спасе Глигоров** најпрвин праша што се подразбира под пилотирањето и како ќе изгледа тој пилот проект во тие три министерства. Потоа, наведе дека потпаѓање на Агенцијата за администрација како орган во состав на МИОА би значело и дека ќе се променат надлежностите на Агенцијата, бидејќи од аспект на правна субординација орган во состав не може да одлучува за жалби и приговори на административни службеници во втор степен, односно не може владин орган да одлучува за владини органи кои имаат повисока правна субординација од органот кој што треба да носи одлуки.

**ПВРСМ Зоран Заев** наведе дека Агенцијата нема да потпадне под МИОА односно дека нема да биде орган во состав. Наведе и дека нема да има повеќе органи во состав, како што нема да има ни агенции или јавни претпријатија или институции директно под Владата, туку сите ќе добијат пирамидален основ каде што посебни директорати кои што се над секторите во самите министерства, а под министерот, ќе раководат со дел од нивните сектори во министерствата, агенциите или институциите.

**Директорот на Агенција за администрација Спасе Глигоров** наведе дека од аспект на надлежностите, владин орган не може да одлучува за правата на владин орган и дека треба да се најде начин како ќе се штитат правата на административните службеници, односно вработените во јавниот сектор. Истакна дека во моментот Агенцијата за администрација води постапки и одлучува за правата на административните службеници вработени во општините, за што сегашната состојба на собраниски орган му дава повеќе право, поради тоа што истото му е директно делегирана надлежност од Собранието, како на самостоен државен орган.

**ПВРСМ Зоран Заев** им даде збор на експертите од проектот да одговорат на прашањата адресирани до нив и да го објаснат процесот на пилотирање.

Пред тоа, **Билјана Николовска Жагар од Канцеларијата на ПВРСМ**, накратко даде осврт околу статусот на Агенцијата за администрација под субординација на МИОА. Наведе дека низ годините било многу пати дискутирано дали статусот треба да остане таков или не, односно дали да остане собраниски орган или би можел да биде орган на државна управа под субординација на министерството. Наведе дека е извесно дека надлежностите би останале исти, а позицијата би била не орган во состав, туку имплементирачки орган на политиките за администрација кои што ги креира МИОА. Наведе дека аргументацијата на директорот на Агенцијата дека на некој начин би се довело во прашање влијанието или можноста со еден ваков статус да се одлучува и за органи на локално ниво е логична, но како практичен пример го посочи Инспекцискиот совет, на кој што со Законот за инспекциски надзор статусот му беше променет од самостоен државен орган во орган на државна управа, а сепак има одредени надлежности и овластувања кон инспекторатите на локално ниво.

**Експертот Aleksandrs Antonovs** се согласи со објаснувањето на **Билјана Николовска Жагар од Канцеларијата на ПВРСМ**. Наведе дека и сега инспекциските служби ги вршат инспекциите во општините и дека во случај кога Агенцијата за администрација ќе треба да помага во изборот на администрацијата за општинските институции, тоа ќе биде услуга што државната агенција ја обезбедува на општинските институции и дека истото не претставува проблем. Во однос на пилотирањето, наведе дека нивниот предлог е реорганизацијата да се води под водство на работната група од ресорното министерство (на чело со на пример државен секретар на институцијата) и членство на сите министерства. Работната група ќе анализира што треба да се измени во правните акти и ќе ги анализира капацитетите на ниво на министерствата, агенциите и инспекторатите. Истакна дека нивниот предлог е во периодот од една година (2022

година) проектниот тим да им помага на две министерства во насока на побрзо спроведување на анализите, изменувањето на правните акти итн., што би траело околу две години, но со нивна помош би се завршило во рок од една година.

**Слаѓана Тасева, тим лидерот на Проектот „Поддршка на државната реорганизација“** наведе дека МИОА е предвидена да биде пилот министерство како главен корисник на овој проект, а во зависност од капацитетите понатаму ќе се одреди колку други министерства ќе бидат вклучени во пилотирањето, имајќи предвид дека за секое министерство понатаму ќе бидат потребни експерти кои ќе помагаат во промена на законите, пишување на закони, обуки за градење на капацитетите и сл.

По четвртата точка, Разгледување на Третиот полугодишен извештај за периодот јануари – јуни 2020 година од Акцискиот план на Стратегијата за реформа на јавната администрација 2018 – 2022 година министерот Јетон Шаќири наведе дека е подготвен подоцна од предвидениот рок и се совпаѓа со периодот на известување на Третиот годишен извештај за имплементација на Акцискиот план на Стратегијата за реформа на јавната администрација (2018 – 2022) за 2020 година, кој накратко го образложи во рамки на петата точка од дневниот ред. Имено, посочи дека третиот годишен Извештај претставува преглед за напредокот во спроведување на Стратегијата за РЈА 2018-2022 и Акцискиот план и постигнатите резултати во периодот јануари – декември 2020 година. Извештајот содржи информации за реализацијата на активностите предвидени да започнат со реализација во 2020 година и активности кои започнале минатата година и се очекува да продолжат со реализација или да се финализираат во 2020 година. **Од вкупно 108 активности** за кои се известува во период јануари – декември 2020 година, **целосно спроведени се 18** активности, **спроведувањето е во тек на 24** активности, **а доцнат со реализација 66 активности**. Со тоа **процентот на реализација на планирани активности во временската рамка за 2020 година изнесува 38,8 %.** Исто така, овој Извештај вклучува и податоци/преглед на состојбата на имплементација на Акцискиот план од донесувањето на Стратегијата за РЈА (2018-2022) и Акциски план(февруари 2018 година) до крајот на овој извештаен период (декември 2020 година), со цел обезбедување целосен приказ на досегашната имплементација. Истовремено, наведе дека во подготовката на извештајот бил вклучен и граѓанскиот сектор преку придонес во вид на коментари и забелешки. Истакна дека во извештајот оваа година има и дел кој е новина, а тоа е влијанието на пандемијата со Ковид 19 врз имплементацијата на Стратегијата за РЈА во 2020 година. Во однос на содржината, го образложи степенот на реализација на активностите од Акцискиот план согласно предвидената временска рамка детално во секоја од приоритетните области: 1.Креирање на политики и

координација, 2. Јавна служба и управување со човечки ресурси, 3. Одговорност, отчетност и транспарентност и 4. Давање услуги и ИКТ поддршка на администрацијата.

**ПВРСМ Зоран Заев,** во однос на точките 3, 4 и 5 од Дневиот ред на Деветтата седница на Советот за РЈА ги предложи следните заклучоци:

1. **Се задолжува Министерството за информатичко општество и администрација да достави до владата на усвојување Информација со финалниот интегриран извештај за државната реорганизација во текот на следните 15 дена или до крајот на месец јули 2021 година**

2. **Советот за реформа на јавната администрација го усвои Третиот полугодишен извештај за имплементација на Стратегијата за реформа на јавната администрација (2018 – 2022) за периодот јануари – јуни 2020 година**

3. **Советот за реформа на јавната администрација го усвои Третиот годишен извештај за имплементација на Стратегијата за реформа на јавната администрација (2018 – 2022) за 2020 година**

4. **Се задолжува Министерството за информатичко општество и администрација да достави Информација за разгледување и усвојување на Третиот годишен извештај за имплементација на Стратегијата за реформа на јавната администрација (2018 – 2022) за 2020 година на некоја од следните седници на Владата до крајот на месец јули 2021 година.**

Членовите на Советот за РЈА едногласно ги усвоија предлог Заклучоците од деветтата седница на Советот за РЈА.

По шестата точка Разно никој од присутните немаше прашања и предлози, по што се исцрпи дневниот ред. **ПВРСМ Зоран Заев** им се заблагодари на присутните и ја затвори Деветтата седница на Советот за РЈА.